Член 9

Старосната граница се утврдува врз основа на возрасната разлика помеѓу посвоителот и посвоеникот.

Приоритет има лице каде што возрасната разлика помеѓу посвоителот и посвоеникот е помала.

Член 10

Брачниот статус се утврдува врз основа на соодветна документација.

Приоритет имаат лицата кои се во брак.

Член 11

Државјанството и живеалиштето се утврдува врз основа на соодветна документација.

Приоритет имаат лицата кои се државјани на Република Македонија и кои се со постојано место на живеење на територија на Република Македонија.

Ако како посвоител се јави лице кое не живее на територија на Република Македонија или не е државјанин на Република Македонија, приоритетот се утврдува по следниот редослед:

- едниот од брачните другари да е државјанин на Република Македонија, а да се со постојано место на живеење на територијата на Република Македонија;
- двајцата да се државјани на Република Македонија, а живеат во странство;
- да живеат во странство, а еден од нив да е државјанин на Република Македонија;
- двајцата да се странски државјани, при што приоритет имаат оние кои живеат на територија на Република Македонија;
- да живее во странство, не е во брак, а е државјанин на Република Македонија;
- да живее во странство, не е во брак, а не е државјанин на Република Македонија.

Член 12

При избор на посвоител, поблиските услови и критериуми пропишани со овој правилник се земаат кумулативно.

Член 13

При избор на посвоител согласно поблиските услови и критериуми за избор на посвоител, центарот за социјална работа го применува и Методолошкото упатство за работа на центрите за социјална работа, изготвено од заводот за унапредување на социјалните дејности.

Член 14

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-4332/1
7 септември 2004 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Јован Мансијевски,** с.р.

---

**1257.**

Врз основа на член 104-е од Законот за семејството на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/92, 9/96 и 38/04) министерот за труд и социјална политика донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА МОЖНИ ПОСВОИТЕЛИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на можни посвоители во постапката за посвојување.

Член 2

Податоците за можните посвоители се впишуваат во регистарот на можни посвоители ( во понатамошниот текст: регистар ), што го води и чува Комисијата за засновање на посвојување.

Член 3

Регистарот е со големина 42 X 30 см.

Регистарот е книга со листови поврзани со корица од тврда хартија во сина боја. Листовите во регистарот се поврзани со конец.

Пред почетокот на водењето на регистарот на првата страна во десниот долен агол се забележува вкупниот број на страници и се заверува од претседателот на Комисијата за засновање на посвојување со ставање на свој потпис и печат на Министерството за труд и социјална политика. Бројот на страницата ја обележува лицето кое го води регистарот.

Регистарот се води спрема образецот 1 кој е даден во прилог на овој правилник и е негов составен дел.

Член 4

На корицата на регистарот во средината на горниот дел стои натпис: " МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА", а под него централно поставен, стои натпис: "Комисија за засновање на посвојување". Во средината на корицата стои натпис: "РЕГИСТАР на можни посвоители".

Член 5

Службеното лице при Министерството за труд и социјална политика кое ги води административно-техничките работи на Комисијата за засновање на посвојување во регистарот ги внесува следните податоци: реден број; податоци за посвоителите и тоа: име и презиме на посвоителот, дата на раѓање на посвоителот, брачна состојба, државјанство, адреса на станот во кој живее и телефон, држава, центар за социјална работа кој ја води постапката, дата на упис во регистарот, бришење од регистарот и забелешка.

Во графата на забелешка се заведуваат сите настанати промени во текот на постапката за засновање на посвојување, како на пример: се впишува името и презимето на детето и дата кога е сместено на адаптација, видот на посвојувањето, кратко се пишува причината поради која не е засновано посвојувањето и др.

Член 6

Регистарот се заклучува секоја година со забелешка за редниот број на последниот упис, при што редниот број и годината се пишуваат со бројки и букви. Заверката ја прави претседателот на Комисијата за засновање на посвојување со ставање на свој потпис и печат на Министерството за труд и социјална политика.

Член 7

Ако во календарската година не е извршен упис, во регистарот се забележува дека во таа година не е направен упис на податоци и се заверува на начин како во член 6 на овој правилник.

Член 8

Првиот упис на податоци за наредната година се прави на првата наредна страница под реден број 1.

Член 9

Регистарот носи ознака на службена тајна и се чува на начин кој обезбедува чување на службена тајна и заштита од злоупотреба, уништување и оштетување.

Регистарот е архивски материјал од трајна вредност.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.10-4333-1
7 септември 2004 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Јован Манасијевски,** с.р.

Образец 1

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

## Комисија за засновање на посвојување

## РЕГИСТАР

**на можни посвоители**

**службена тајна**

| редена број | име и презиме | дата на раѓање | брачна состојба | државјанство | адреса на станот во кој живее и телефон | држава | ЦСР | дата на упис | бришење од регистарот | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

Стр._____